**2013133020**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.9.2013 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА 2013/255/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 31 МАЈ 2013 ГОДИНА ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија;
- финансиски мерки;
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија;
- забрана на купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија;
- пристапот до аеродромите под надлежност на Република Македонија за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Сириската Арапска авионска компанија.

Член 3

Се определуваат Управата за финансиско разузнавање, Министерство за транспорт и врски Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерство за економија, Министерството за финансии и Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивнате мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивнате мерки се врши на начин утврден со Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Рестриктивните мерки против Сирија се применува до 1 јуни 2014 година.

Член 7

Одлуката за спроведување 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6424/1
21 септември 2013 година
Скопје

Заменик на Претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

# ОДЛУКА 2013/255/ЗНБП НА СОВЕТОТ
## од 31 мај 2013 година
## за рестриктивни мерки против Сирија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 27 мај 2013 година, Советот се согласи да донесе рестриктивни мерки против Сирија за период од 12 месеци, како што е наведено во Одлука 2012/739/ЗНБП на Советот од 29 ноември 2012 година, за рестриктивни мерки против Сирија[1], во следните области:

— ограничувања на извозот и увозот, со исклучок на оружје и сродни материјали и опрема кои би можеле да се користат за внатрешна репресија;

— ограничувања за финансирање на одредени претпријатија;

— ограничувања за инфраструктурни проекти;

— ограничувања на финансиската поддршка за трговија;

— финансиски сектор;

— транспортен сектор;

— ограничувања за прифаќање;

— замрзнување на финансиските средства и економските ресурси.

(2) Во однос на можниот извоз на оружје за Сирија, Советот ја зеде предвид заложбата на земјите-членки да ги водат националните политики во согласност со став 2 од Декларацијата на Советот донесена на 27 мај 2013 година, вклучително и преку оценување на барањата за лиценца за извоз во секој случај поединечно, кога целосно се исполнети критериумите утврдени во Заедничкиот став 2008/944/ЗНБП на Советот од 8 декември 2008 година, за одредување на општи правила за режим на контрола на извозот на воени технологии и опрема[2].

(3) Од страна на Унијата се потребни понатамошни активности за спроведување на одредени мерки,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

ПОГЛАВЈЕ I

## ОГРАНИЧУВАЊА НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

*Член 1*

1. Се забранува продажба, набавка, трансфер или извоз за Сирија на одредена опрема, стоки и технологии кои би можеле да се користат за внатрешна

[1] Сл. весник L 330, 30.11.2012 год., стр. 21.

[2] Сл. весник L 335, 13.12.2008 год., стр. 99.

репресија или за производство и одржување на производи кои би можеле да се користат за внатрешна репресија од страна на државјани на земјите-членки или од териториите на земјите-членки или користење на бродови кои пловат под нивно знаме или нивни авиони, без разлика дали тие потекнуваат од територијата на земјите членки или не.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој став.

2. Се забранува:

(а) обезбедување, директно или индиректно, на техничка помош, брокерски или други услуги поврзани со предмети наведени во став 1 или со обезбедување, производство, одржување и користење на тие производи, за физички или правни лица, субјекти или органи во Сирија или за употреба во земјата;

(б) обезбедување, директно или индиректно, на финансирање или финансиска помош поврзана со став 1, особено вклучувајќи грантови, заеми или осигурување за кредити за извоз, како и осигурување и реосигурување за продажба, набавка, трансфер или извоз на овие производи, или за обезбедување на сродна техничка помош, брокерски или други услуги за физички или правни лица, субјекти или органи во Сирија или за употреба во земјата.

3. Ставови 1 и 2 не се применуваат за продажба, набавка, трансфер или извоз на одредена опрема, стоки и технологии кои би можеле да се користат за внатрешна репресија или за производство и одржување на производи кои би можеле да се користат за внатрешна репресија или за обезбедување на сродна техничка или финансиска помош, кога некоја земја-членка утврдува, во секој случај поединечно, дека тие се наменети за исхрана, земјоделски, медицински или други хуманитарни цели, за персоналот на ОН или за оној на Европската унија или на нејзините земји-членки.

*Член 2*

1. Продажбата, набавката, трансферот или извозот за Сирија на одредена опрема, стоки и технологии, освен оние наведени во член 1(1) кои би можеле да се користат за внатрешна репресија или за производство и одржување на производи кои би можеле да се користат за внатрешна репресија од страна на државјани на земјите-членки или од териториите на земјите-членки или користење на бродови кои пловат под нивно знаме или нивни авиони, подлежат на одобрување, за секој поединечен случај, од страна на надлежните органи на земјата-членка која врши извоз.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој став.

2. Обезбедување на:

(а) техничка помош, брокерски или други услуги поврзани со предметите наведени во став 1 или со обезбедување, производство, одржување и користење на тие производи за физички или правни лица, субјекти или органи во Сирија или за употреба во земјата;

(б) финансирање или финансиска помош поврзана со предметите од став 1, особено вклучувајќи грантови, заеми или осигурување за кредити за извоз, како и

осигурување и реосигурување за продажба, набавка, трансфер или извоз на овие производи, или за обезбедување на сродна техничка помош, брокерски или други услуги за физички или правни лица, субјекти или органи во Сирија или за употреба во земјата,

исто така подлежат на одобрување од страна на надлежниот орган на земјата-членка која врши извоз.

*Член 3*

1. Се забранува купување, увоз или транспорт на оружје и сродни материјали од секаков вид, вклучувајќи оружје и муниција, воени возила и опрема, паравоена опрема и резервни делови за нив, од Сирија или со потекло од Сирија.

2. Се забранува директно или индиректно обезбедување на финансирање или финансиска помош, вклучувајќи и финансиски деривати, како и осигурување и реосигурување и брокерски услуги поврзани со осигурување и реосигурување, за секакви случаи на купување, увоз или превоз на производите наведени во став 1, од Сирија или со потекло од Сирија.

*Член 4*

Се забранува продажба, набавка, трансфер или извоз на опрема или софтвер, првенствено наменет за користење при надзор или следење од страна на режимот во Сирија, или во негово име, на интернет- и телефонските комуникации во мобилни или фиксни мрежи во Сирија, како и обезбедување на помош за инсталирање, користење или надградба на таквата опрема или софтвер.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој член.

*Член 5*

1. Се забранува купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија.

2. Се забранува директно или индиректно обезбедување на финансирање или финансиска помош, вклучувајќи и финансиски деривати, како и осигурување и реосигурување, поврзани со забраните наведени во став 1.

*Член 6*

Со цел да се помогне на цивилното население на Сирија, особено со цел да се задоволат хуманитарните потреби, враќањето во нормален живот, поддршката за основните услуги, обновувањето и повторното воспоставување на вообичаените економски активности или други цивилни активности и по пат на отстапување од член 5(1) и (2), надлежните органи на дадена земја-членка може да дозволат купување, увоз или транспортот на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија и обезбедување на финансирање или финансиска помош поврзана со ова, вклучувајќи и финансиски деривати, како и осигурување и реосигурување, доколку се исполнети следниве услови:

(а) засегнатата земја-членка претходно се консултирала со Сириската национална коалиција на опозициски и револуционерни сили;

(б) засегнатите активности не се директно или индиректно во корист на лице или субјект што е наведено во член 28(1) и

(в) соодветните активности не ги прекршуваат забраните утврдени во оваа одлука.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки за секое овластување дадено во согласност со овој член.

*Член 7*

Забраните од член 5 не се во спротивност со спроведувањето, до 15 ноември 2011 година, на обврските предвидени во договорите склучени пред 2 септември 2011 година.

*Член 8*

1. Се забранува продажба, набавка или трансфер на клучна опрема и технологии од Сирија за следниве главни сектори од сириската индустрија за нафта и природен гас или за претпријатија кои вршат активности во овие сектори надвор од Сирија, а се во сопственост на Сирија, од државјани на земјите-членки или од териториите на земјите членки, или со користење на бродови или авиони кои се под надлежност на земјите-членки, без разлика дали се со потекло од нивните територии или не:

(а) рафинирање;

(б) течен природен гас;

(в) испитување;

(г) производство.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој став.

2. На сириските претпријатија кои вршат активности во основните сектори на сириската индустрија за нафта и гас, наведени во став 1, или на сириските претпријатија или претпријатијата во сопственост на Сирија кои вршат активности во овие сектори надвор од Сирија, им се забранува да обезбедуваат:

(а) техничка помош или обука и други услуги поврзани со клучната опрема и технологии наведени во став 1;

(б) финансирање или финансиска помош за продажба, набавка, трансфер или извоз на клучна опрема и технологии утврдени во став 1 или за обезбедување на сродна техничка помош или обука.

*Член 9*

1. Забраната од член 8(1) не е во спротивност со извршување на обврската за испорака на стоките која е предвидена во договорите доделени или склучени пред 1 декември 2011 година.

2. Забраните од член 8 не се во спротивност со извршувањето на обврските кои произлегуваат од договорите доделени или склучени пред 1 декември 2011 година и кои се поврзани со инвестиции направени во Сирија пред 23 септември 2011 година од страна на претпријатија основани во земјите-членки.

*Член 10*

Со цел да се помогне на цивилното население на Сирија, особено со цел да се задоволат хуманитарните потреби, враќањето во нормален живот, поддршката на основните услуги, обновувањето и повторното воспоставување на

вообичаените економски активности или други цивилни активности и по пат на отстапување од член 8(1) и (2), надлежните органи на дадена земја-членка може да дозволат продажба, набавка или трансфер на клучна опрема и технологии за главните сектори на сириската индустрија за нафта и гас, наведени во член 8(1), или за сириски претпријатија или претпријатија кои се во сопственост на Сирија, а вршат активности во овие сектори надвор од Сирија и обезбедување на сродна техничка помош или обука и други услуги, како и финансирање или финансиска помош, доколку се исполнети следниве услови:

(а) засегнатата земја-членка претходно се консултирала со Сириската национална коалиција на опозициски и револуционерни сили;

(б) засегнатите активности не се директно или индиректно во корист на лице или субјект што е наведено во член 28(1) и

(в) соодветните активности не ги прекршуваат забраните утврдени во оваа одлука.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки за секое овластување дадено во согласност со овој член.

*Член 11*

Се забранува испорака на сириски банкноти и монети за Централната банка на Сирија.

*Член 12*

Се забранува директна или индиректна продажба, купување, превоз или брокерски услуги со злато, благородни метали и дијаманти од или за Владата на Сирија, нејзините јавни органи, корпорации и агенции, Централната банка на Сирија, како и од или за лица и субјекти кои дејствуваат во нивно име или под нивна насока или субјекти во сопственост или контролирани од нив.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој член.

*Член 13*

Се забранува продажба, набавка, трансфер или извоз на луксузни стоки за Сирија од државјани на земјите-членки или од територијата на земјите-членки или користење на бродови кои пловат под нивно знаме или авиони, без разлика дали тие се со потекло од нивни територии или не.

Унијата ги презема потребните мерки за утврдување на релевантните производи кои ќе бидат опфатени со овој член.

## ПОГЛАВЈЕ II

## ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

*Член 14*

Се забранува следново:

(а) обезбедување на секаков вид финансиски заеми или кредити за претпријатија во Сирија кои вршат активности во секторите за испитување, производство или рафинирање на сириската нафтена индустрија, или на сириски претпријатија или претпријатија во сопственост на Сирија кои вршат активности во овие сектори надвор од Сирија;

(б) обезбедување на секаков вид финансиски заеми или кредити на сириски претпријатија кои учествуваат во изградбата на нови електроцентрали во Сирија;

(в) стекнување или зголемување на учеството во сириски претпријатија кои вршат активности во секторите за испитување, производство или рафинирање на сириската нафтена индустрија, или во сириски претпријатија или претпријатија кои се во сопственост на Сирија, а вршат активности во овие сектори надвор од Сирија, вклучувајќи целосно стекнување на такви претпријатија и стекнување на акции или хартии од вредност кои даваат право на учество во нив;

(г) стекнување или зголемување на учеството во сириски претпријатија кои учествуваат во изградбата на нови електроцентрали во Сирија, вклучувајќи целосно стекнување на таквите претпријатија и стекнување на акции или хартии од вредност кои даваат право на учество во нив;

(д) воспоставување на секакви заеднички вложувања со сириски претпријатија кои вршат активности во секторите за испитување, производство или рафинирање на сириската нафтената индустрија и со секакви подружници или филијали под нивна контрола;

(ѓ) создавање на секакви заеднички вложувања со сириски претпријатија кои учествуваат во изградбата на нови електроцентрали во Сирија и со секакви подружници или филијали под нивна контрола.

*Член 15*

1. Забраните утврдени во точки (а) и (в) од член 14:

(i) не се во спротивност со спроведувањето на обврските кои произлегуваат од договори или спогодби кои се склучени пред 23 септември 2011 година;

(ii) не го попречуваат зголемувањето на учеството, ако тоа е поврзано со обврска според договор склучен пред 23 септември 2011 година.

2. Забраните утврдени во точки (б) и (г) од член 14:

(i) не се во спротивност со спроведувањето на обврските кои произлегуваат од договори или спогодби кои се склучени пред 1 декември 2011 година;

(ii) не го попречуваат зголемувањето на учеството, ако тоа е поврзано со обврска според договор склучен пред 1 декември 2011 година.

*Член 16*

Со цел да се помогне на цивилното население на Сирија, особено со цел да се задоволат хуманитарните потреби, враќањето во нормален живот, поддршката на основните услуги, обновувањето и повторното воспоставување на вообичаените економски активности или други цивилни активности и по пат на отстапување од точки (а), (в) и (д) од член 14, надлежните органи на дадена земја-членка може да дозволат обезбедување на какви било финансиски заеми или кредити на сириски претпријатија или стекнување или зголемување на учеството во сириски претпријатија кои вршат активности во секторите за испитување, производство или рафинирање на сириската нафтената индустрија, или на сириски претпријатија или претпријатија кои се во сопственост на Сирија, а вршат активности во овие сектори надвор од Сирија или создавање на

какви било заеднички вложувања со сириски претпријатија кои вршат активности во секторите за испитување, производство или рафинирање на сириската нафтената индустрија и со секакви подружници или филијали под нивна контрола, доколку се исполнети следниве услови:

(а) засегнатата земја-членка претходно се консултирала со сириската Национална коалиција на опозициски и револуционерни сили;

(б) засегнатите активности не се директно или индиректно во корист на лице или субјект што е наведено во член 28(1) и

(в) соодветните активности не ги прекршуваат забраните утврдени во оваа одлука.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки за секое овластување дадено во согласност со овој член.

ПОГЛАВЈЕ IIIз

**ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ**

*Член 17*

1. Се забранува учество во изградбата на нови електроцентрали во Сирија.

2. Се забранува обезбедување на техничка помош, финансирање или финансиска помош за изградба на нови електроцентрали во Сирија.

3. Забраната од ставови 1 и 2 не е во спротивност со спроведувањето на обврската која произлегува од договори или спогодби кои се склучени пред 1 декември 2011 година.

ПОГЛАВЈЕ IV

**ОГРАНИЧУВАЊА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЗА ТРГОВИЈА**

*Член 18*

1. Земјите-членки се воздржуваат да преземат нови краткорочни и среднорочни обврски за обезбедување на финансиска помош од јавен или приватен карактер за трговијата со Сирија, вклучувајќи го и обезбедувањето на извозни кредити, гаранции или осигурување на нивните државјани или субјекти кои вршат таква трговија, со цел намалување на големината на неповратните износи, особено за да се спречи каква било финансиска помош за жестоките репресии врз цивилното население во Сирија. Освен тоа, земјите-членки не преземаат нови долгорочни обврски за обезбедување на финансиска помош од јавен или приватен карактер за трговијата со Сирија.

2. Став 1 не влијае на обврските кои настанале пред 1 декември 2011 година.

3. Став 1 не влијае на трговијата за храна, земјоделски, медицински или други хуманитарни цели.

ПОГЛАВЈЕ V

**ФИНАНСИСКИ СЕКТОР**

*Член 19*

Земјите-членки не преземат нови обврски за грантови, финансиска помош или заеми при повластени услови за владата на Сирија, вклучително и преку учеството во меѓународните финансиски институции, освен за хуманитарни цели и за развој.

*Член 20*

Се забранува следново:

(а) секаква исплата или друго плаќање од Европската инвестициска банка (ЕИБ) според или во врска со какви било постојни договори за заем склучени помеѓу Сирија и ЕИБ;

(б) продолжување од ЕИБ на сите постојни договори за услуги за техничка помош за државни проекти во Сирија.

*Член 21*

Се забранува следново: директната или индиректната продажба, купување, брокерски услуги или помош при издавањето на сириски државни обврзници или обврзници гарантирани од државата издадени по 1 декември 2011 година, на и од владата на Сирија, нејзините јавни органи, корпорации и агенции, Централната банка на Сирија или банки основани во Сирија, или филијали и подружници кои се под или надвор од надлежноста на земјите-членки, на банки основани во Сирија или финансиски субјекти кои ниту се основани во Сирија, ниту се под надлежност на земјите-членки, но се контролирани од лица и субјекти основани во Сирија, како и од лица и субјекти кои дејствуваат во нивно име или под нивна насока или субјекти во сопственост или контролирани од нив.

*Член 22*

1. Се забранува отворање на нови експозитури, подружници или претставништва на сириски банки на територијата на земјите-членки, како и создавање на нови заеднички вложувања или стекнување на удели или воспоставување на нови сродни банкарски односи од страна на сириски банки, вклучувајќи ја Централната банка на Сирија, нејзините експозитури, подружници и финансиски субјекти кои не се основани во Сирија, но се контролирани од лица или субјекти основани во Сирија, со банки кои се под надлежност на земјите-членки.

2. На финансиските институции на територијата на земјите-членки или под нивна надлежност им се забранува да отвораат претставништва, подружници или банкарски сметки во Сирија.

*Член 23*

Со цел да се помогне на цивилното население на Сирија, особено со цел да се задоволат хуманитарните потреби, враќањето во нормален живот, поддршката на основните услуги, обновувањето и повторното воспоставување на вообичаените економски активности или други цивилни активности и по пат на отстапување од член 22(2), надлежните органи на дадена земја-членка може да им дозволат на финансиските институции на териториите на земјите-членки или под нивна надлежност да отвораат претставништва, подружници или банкарски сметки во Сирија, доколку се исполнети следниве услови:

(а) засегнатата земја-членка претходно се консултирала со сириската Национална коалиција на опозициски и револуционерни сили;

(б) засегнатите активности не се директно или индиректно во корист на лице или субјект што е наведено во член 28(1) и

(в) соодветните активности не ги прекршуваат забраните утврдени во оваа одлука.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки за секое овластување дадено во согласност со овој член.

*Член 24*

1. Се забранува осигурување и реосигурување на владата на Сирија, нејзините јавни органи, корпорации и агенции или на лица или субјекти кои дејствуваат во нивно име или под нивна насока или субјекти во сопственост или контролирани од нив, вклучително и на нелегален начин.

2. Став 1 не се применува за обезбедување на:

(а) здравствено или патничко осигурување за физички лица;

(б) задолжително осигурување или осигурување на трети страни за лица, субјекти или тела од Сирија основани во Унијата;

(в) осигурување или реосигурување на сопственикот на брод, авион или возило, најмени од сириско лице, субјект или орган кој не е наведен во списоците во Анекси I или II.

## ПОГЛАВЈЕ VI

## ТРАНСПОРТЕН СЕКТОР

*Член 25*

1. Земјите-членки, во согласност со националното законодавство и со почитување на меѓународното право, особено на релевантните меѓународни договори во областа на цивилното воздухопловство, ги преземат неопходните мерки за спречување на пристапот до аеродромите кои се под нивна надлежност за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Syrian Arab Airlines.

2. Став 1 не се применува за пристапот до аеродромите кои се под надлежност на земјите-членки за летови извршени од Syrian Arab Airlines, потребни единствено со цел да се евакуираат граѓани на Унијата и членови на нивните семејства од Сирија.

*Член 26*

1. Кога земјите-членки имаат информации дека се обезбедува разумна основа за да се смета дека товарот на бродови или авиони наменет за Сирија содржи елементи чија набавка, продажба, трансфер или извоз се забранува во согласност со член 1 или за кои се бара дозвола во согласност со член 2, тие прават проверки - во согласност со националното законодавство и според меѓународното право, а особено поморското право и релевантните меѓународни договори во областа на цивилното воздухопловство и на поморскиот превоз - на таквите бродови и авиони во своите пристаништа и аеродроми, како и во своето територијално море, во согласност со одлуките и можностите на своите национални надлежни органи и со согласност на државата чие знаме го носат, како што се бара во согласност со меѓународното право за територијалното море.

2. При откривање на производи чија набавка, продажба, трансфер или извоз се забранети во согласност со член 1 или 2, земјите-членки, во согласност со своето национално законодавство и со почитување на меѓународното право, ги запленуваат и отстрануваат.

3. Земјите-членки соработуваат, во согласност со националното законодавство, при проверки и отстранувања преземени во согласност со ставови 1 и 2.

4. За авионите и бродовите кои пренесуваат товар кон Сирија се применува условот за обезбедување на дополнителни информации пред пристигнувањето или пред заминувањето за сите стоки увезени или извезени од дадена земја-членка.

## ПОГЛАВЈЕ VII

## ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ПРИФАЌАЊЕ

*Член 27*

1. Земјите-членки ги преземаат неопходните мерки за спречување на влезот или транзитот низ нивна територија на лицата одговорни за жестоките репресии врз цивилното население во Сирија, на лицата кои имаат придобивки од режимот или го поддржуваат, како и на лицата поврзани со нив наведени во Анекс I.

2. Став 1 не обврзува ниту една земја-членка на своите граѓани да им го одбие влезот на своја територија.

3. Став 1 не е во спротивност со случаите кога некоја земја-членка е обврзана со обврска од меѓународното право, имено:

(а) во својство на земја-домаќин на меѓународна меѓувладина организација;

(б) во својство на земја-домаќин на меѓународна конференција, свикана од страна на ОН или одржана под нејзино покровителство;

(в) според мултилатерален договор, дава привилегии и имунитети или

(г) во согласност со Договорот за помирување од 1929 година (Латерански договор), склучен од Светиот престол (град-држава Ватикан) и Италија.

4. Став 3 се смета за применлив и во случаите кога некоја земја-членка е земја-домаќин на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).

5. Советот треба соодветно да е информиран во секој од случаите кога некоја земја-членка обезбедува ослободување во согласност со став 3 или 4.

6. Земјите-членки можат да обезбедат ослободување од мерките наложени според став 1 кога патувањето е оправдано поради итни хуманитарни потреби или поради учество во меѓувладини средби, вклучувајќи состаноци кои се одржуваат со поддршка на Унијата или чии домаќин е земјата-членка која претседава со ОБСЕ и на кои се одвива политички дијалог од директна корист за демократијата, човековите права и владеењето на правото во Сирија.

7. Земја-членка која сака да обезбеди ослободување според став 6, го известува Советот за тоа во писмена форма. Се смета дека е дадено ослободување, освен ако еден или неколку од членовите на Советот не се противат во писмена форма во рок од два работни дена од приемот на известувањето за предложеното ослободување. Во случај кога еден или повеќе

од членовите на Советот дадат приговор, Советот може да одлучи со квалификувано мнозинство да го обезбеди предложеното ослободување.

8. Кога во согласност со ставови од 3 до 7 дадена земја-членка дозволи лицата наведени во Анекс I да влезат на нејзина територија или да преминат низ неа, оваа дозвола е ограничена само на целта за која е дадена и за лицето за кое се однесува.

ПОГЛАВЈЕ VIII

## ЗАМРЗНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И ЕКОНОМСКИ РЕСУРСИ

*Член 28*

1. Се замрзнуваат сите финансиски средства и економски ресурси кои припаѓаат, кои се во сопственост, кои се чувани или контролирани од лица одговорни за жестоките репресии врз цивилното население во Сирија, како и од лица и субјекти кои имаат придобивки од режимот или го поддржуваат и од лица и субјекти поврзани со нив, наведени во Анекси I и II.

2. Никакви финансиски средства или економски ресурси не можат да се обезбедат директно или индиректно за располагање или во корист на физичките или правните лица или субјектите наведени во Анекси I и II.

3. Надлежниот орган на земјата-членка може да одобри ослободување на одредени замрзнати финансиски средства или економски ресурси или обезбедување на одредени финансиски средства или економски ресурси под услови кои ги смета за соодветни, откако утврди дека соодветните финансиски средства или економски ресурси се:

(а) потребни за задоволување на основните потреби на лицата наведени во Анекси I и II и на членовите на нивните семејства кои се зависни од нив, вклучувајќи трошоци за храна, кирија или отплата на хипотека, лекови и медицинска грижа, даноци, осигурителни премии и давачки за комунални услуги;

(б) наменети исклучиво за исплата на разумни професионални давачки и за враќање на направени трошоци поврзани со обезбедување на правни услуги;

(в) наменети исклучиво за исплата на хонорари или давачки за услуги за тековно одржување и управување на замрзнати финансиски средства или економски ресурси или

(г) потребни за вонредни трошоци, доколку најмалку две недели пред давањето на дозвола, надлежниот орган ги известил надлежните органи на другите земји-членки и Комисијата за причините поради кои смета дека треба да биде дадено конкретното овластување;

(д) потребни за хуманитарни цели, како испорака или олеснување на давањето помош, вклучувајќи медицинска опрема, храна, хуманитарни работници и сродна помош или за евакуација од Сирија;

(ѓ) плаќа на или од банкарска сметка на дипломатско претставништво или конзуларна служба или на меѓународна организација која ужива имунитет според меѓународното право, доколку овие плаќања се наменети за службени цели на дипломатското претставништво или конзуларната служба или на меѓународната организација.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки и Комисијата за секоја дозвола дадена според овој став.

4. По пат на исклучок од став 1, надлежните органи на дадената земја-членка може да дозволат ослободување на одредени замрзнати финансиски средства или економски ресурси, доколку се исполнети следниве услови:

(а) финансиските средства или економските ресурси се предмет на арбитражна одлука донесена пред датумот на кој лицето или субјектот наведено во став 1 е вклучено во списокот во Анекс I или II, на судска или административна одлука, донесена во ЕУ или на судска одлука која се применува во засегнатата земја-членка, пред или по тој датум;

(б) финансиските средства или економските ресурси ќе се користат исклучиво за задоволување на побарувања обезбедени или признати за валидни со таква одлука, во границите утврдени со важечките закони и прописи со кои се регулираат правата на лицата со такви барања;

(в) одлуката не е во корист на лице или субјект наведен во Анекс I или II и

(г) признавањето на одлуката не е во спротивност на јавниот ред во засегнатата земја-членка.

Засегнатата земја-членка ги информира останатите земји-членки и Комисијата за секоја дозвола дадена според овој став.

5. Став 1 не го спречува наведеното лице или субјект да врши исплата која ја должи по договор склучен пред датумот на вклучувањето на тоа лице или субјект во списокот, освен ако предметната земја-членка утврдила дека плаќањето не се прима директно или индиректно од лице или субјект наведено во став 1.

6. Став 1 не го спречува наведениот субјект вклучен во списокот во Анекс II, во рок од два месеца по датумот на наведувањето, да врши плаќање од замрзнатите финансиски средства или економски ресурси добиени од истиот субјект по датумот на неговото наведување, кога тоа плаќање се должи според договор во врска со финансирањето на трговијата, под услов предметната земја-членка да утврдила дека плаќањето не се добива директно или индиректно од лице или субјект наведен во став 1.

7. Став 2 не се применува за додавање на замрзнати сметки на:

(а) камати или други приходи од овие сметки или

(б) плаќање кое се должи според договори, спогодби или обврски склучени или настанати пред датумот на кој овие сметки станале предмет на оваа одлука,

доколку сите такви камати, други примања и плаќања и понатаму се предмет на став 1.

8. Ставови 1 и 2 нема да се применуваат за трансфер од или преку Централната банка на Сирија на финансиски средства или економски ресурси добиени и замрзнати по датумот на назначување на банката или за трансфер на финансиски средства или економски ресурси кон или преку Централната банка на Сирија по датумот на нејзиното назначување, кога таквиот трансфер е поврзан со плаќање од финансиска институција која не е вклучена во списокот, поврзана со конкретен трговски договор, доколку предметната земја-членка утврдила, за секој поединечен случај, дека плаќањето не се добива директно или индиректно од лице или субјект наведен во став 1.

9. Став 1 не се применува за трансфер на замрзнати финансиски средства или економски ресурси од или преку Централната банка на Сирија, кога тој трансфер има за цел да им обезбеди на финансиските институции во надлежност на земјите-членки ликвидни средства за финансирање на трговијата, под услов трансферот да е дозволен од односната земја-членка.

10. Ставови 1 и 2 не се применуваат за трансфер на замрзнати финансиски средства или економски ресурси од страна на финансиски субјект наведен во Анекс I или II, кога трансферот е поврзан со плаќање од лице или субјект кој не е наведен во Анекс I или II, во врска со обезбедување на финансиска поддршка на сириските граѓани кои добиваат образование или стручна обука или учествуваат во академски истражувања во Унијата, доколку предметната земја-членка утврдила, во секој поединечен случај, дека плаќањето нема да биде примено директно или индиректно од лице или субјект од став 1.

11. Ставови 1 и 2 не се применуваат за активности и трансакции извршени во однос на Syrian Arab Airlines, единствено со цел да се евакуираат граѓани на Унијата и членови на нивните семејства од Сирија.

12.

## ПОГЛАВЈЕ IX

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 29*

На лицата или субјектите наведени во Анекс I и II или на други лица или субјекти во Сирија, вклучувајќи ја Владата на Сирија, нејзините јавни органи, корпорации и агенции или на лица или субјекти кои инвестираат преку барање или во корист на сите лица или субјекти во врска со кој било договор или трансакција, директно или индиректно, целосно или делумно, според мерките наведени во оваа одлука, не им се одобрува какво било барање, вклучувајќи ги сите побарувања за штета или надомест на штета или какви било други побарувања, како барања за пребивање, парични казни или барања за гаранции, барања за продолжување или плаќање на обврзници, финансиски гаранции, вклучувајќи побарувања кои произлегуваат од акредитиви и слични инструменти.

*Член 30*

1. По предлог на некоја земја-членка или на високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, Советот ги составува и изменува списоците во Анекси I и II.

2. Советот го известува засегнатото лице или субјект за својата одлука тоа да биде вклучено во списокот, вклучувајќи ги сите основи за тоа, директно - ако адресата е позната или преку објавување на известување за да му се овозможи на тоа лице или субјект да поднесе приговор.

3. Кога се доставени приговори или суштински нови докази, Советот ја преиспитува одлуката и соодветно го известува засегнатото лице или субјект.

*Член 31*

1. Во Анекси I и II се содржани причините за вклучувањето во списокот на засегнатите лица и субјекти.

2. Во Анекси I и II се содржани и информации потребни за идентификација на засегнатите лица и субјекти, кога има такви информации. Во однос на лицата, информациите може да вклучуваат имиња, вклучувајќи псевдоними, датум и место на раѓање, државјанство, број на пасош и лична карта, пол, адреса, доколку е позната, и функцијата или професијата. Во однос на субјектите, информациите може да вклучуваат имиња, место и датум на регистрација, регистарски број и место на деловна активност.

*Член 32*

Се забранува свесно или намерно учество во активности чија цел или последица е избегнување на забраните утврдени во оваа одлука.

*Член 33*

За да се зголеми влијанието на мерките утврдени во оваа одлука, Сојузот поттикнува трети земји да прифатат рестриктивни мерки, слични на оние кои се содржани во оваа одлука.

*Член 34*

Оваа одлука се применува до 1 јуни 2014 година. Таа подлежи на постојана ревизија. Таа се обновува или се менува по потреба, ако Советот смета дека целите не се исполнети.

*Член 35*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Брисел, 31 мај 2013 година.

*За Советот*

*Претседател*

Е. ГИЛМОР

*АНЕКС I*

**Список на физички и правни лица, субјекти или органи наведени во членови 27 и 28**

**А. Лица**

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Башар ал Асад (Bashar (بشار) Al-Assad(الأسد) ) | Датум на раѓање: 11 септември 1965 година; Место на раѓање: Дамаск; дипломатски пасош бр. D1903 | Претседател на Републиката; лице кое ги дозволува и контролира репресиите против демонстрантите. | 23.5.2011 |
| 2. | Маер (познат как Маир) ал Асад (Maher (ماهر) ()(a.k.a. Mahir) )Al-Assad(الأسد) | Датум на раѓање: 8 декември 1967 година; дипломатски пасош бр. 4138 | Командир на 4-та оклопна дивизија на армијата, член на централната команда на Baath, силно лице во Републиканската гарда; брат на претседателот Башал ал Асад; главен набљудувач на репресиите против демонстрантите. | 9.5.2011 |
| 3. | Али Мамлук (познат како Мамлук) (Ali(علي)Mamlu k (مملوك) (a.k.a. Mamlouk)) | Датум на раѓање: 19 февруари 1946 година; Место на раѓање: Дамаск; дипломатски пасош бр. 983 | Шеф на Генералниот директорат за разузнавање на Сирија (ГИД); учествува во репресиите против демонстрантите. | 9.5.2011 |
| 4. | Атеџ (познат како Атеф, Атиф) Наџиб (познат како (Наџеб) (Atej (عاطف) (a.k.a. Atef, Atif) Najib(نجيب) (a.k.a. Najeeb)) | | Поранешен началник на Политичкиот директорат за безбедност во Дара; братучед на претседателот Башар ал Асад; учествува во репресиите против демонстрантите. | 9.5.2011 |
| 5. | Хафиз Маклуф (познат како Хафез Маклуф) (Hafiz(حافظ) Makhluf (مخلوف) (a.k.a. Hafez Makhlouf)) | Датум на раѓање: 2 април 1971 година; Место на раѓање: Дамаск; дипломатски пасош бр. 2246 | Полковник и началник на одделение во Генералниот директорат за разузнавање, филијала Дамаск; братучед на претседателот Башар ал Асад; близок на Маер ал Асад; учествува во репресиите против демонстрантите. | 9.5.2011 |
| 6. | Мухамад Диб Зајтун (познат како Мохамед Диб Зејтун) (Muhammad (محمد) Dib (ديب)Zaytun (زيتون) (a.k.a. Mohammed Dib Zeitoun)) | Датум на раѓање: 20 мај 1951 година; Место на раѓање: Дамаск; дипломатски пасош бр. D000001300 | Началник на Политичкиот директорат за безбедност; учествува во репресиите против демонстрантите. | 9.5.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Амџад ал Абас (Amjad (جدأم) Al-Abbas (لعباس) ) | | Началник на Политичката безбедност во Баниас; учествува во репресиите против демонстрантите во Баида. | 9.5.2011 |
| 8. | Рами Маклуф (Rami (رامی) Makhlou f (مخلوف) ) | Датум на раѓање: 10 јули 1969 година; Место на раѓање: Дамаск; број на пасош 454224 | Сириски бизнисмен; братучед на претседателот Башар ал Асад; ги контролира инвестициските фондови Ал Марек, Бена пропертис, Чам холдинг Сиријател, Суру компани (Al Mahreq, Bena Properties, Cham Holding Syriatel, Souruh Company) и во тоа својство го финансира и поддржува режимот. | 9.5.2011 |
| 9. | Абд ал Фата Кудсија (Abd Al-Fatah (عبد الفتاح) Qudsiyah (قدسية) ) | Роден: 1953 година; Место на раѓање: Хама; дипломатски пасош бр. D0005788 | Началник на сириското воено разузнавање (СВР - SMI); вмешан во репресијата против цивилното население. | 9.5.2011 |
| 10. | Џамил (познат како Џамел) Хасан (Jamil (جميل) (a.k.a. Jameel) Hassan (حسن) ) | | Началник на сириското воздухопловно воено разузнавање; вмешан во репресијата против цивилното население. | 9.5.2011 |
| 11. | Рустум Газали (Rustum (رستم) Ghazali (غزالة) ) | Датум на раѓање: 3 мај 1953 година; Место на раѓање: Дара; дипломатски пасош бр. D000000887 | Началник на сириското воено разузнавање за провинцијата Дамаск; вмешан во репресијата против цивилното население. | 9.5.2011 |
| 12. | Фаваз ал Асад (Fawwaz (فواز) Al-Assad (الأسد) ) | Датум на раѓање: 18 јуни 1962 година; Место на раѓање: Кердала; број на пасош: 88238 | Вмешан во репресиите против цивилното население како дел од милицијата „Шабиха“ (Shabiha). | 9.5.2011 |
| 13. | Мунзир ал Асад (Munzir (منذر) Al-Assad (الأسد) ) | Датум на раѓање: 1 март 1961 година; Место на раѓање: Латакија; бр. на пасоши 86449 и 842781 | Вмешан во репресиите против цивилното население како дел од милицијата „Шабиха“. | 9.5.2011 |
| 14. | Асиф Шавкат (Asif (اصف) Shawkat (شوكت) ) | Датум на раѓање: 15 јануари 1950 година; Место на раѓање: Ал Маделе, Тартус | Заменик-началник на Управата за безбедност и разузнавање; вмешан во репресијата против цивилното население. | 23.5.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Хишам Иктијар (познат како Ал Иктијар, Биктијар, Биктјар, Бектјар, Биктиар, Бектјар) (Hisham (هشام) Ikhtiyar (الإختيار, إختيار, بختيار); (a.k.a. Al Ikhtiyar, Bikhtiyar, Bikhtyar, Bekhtyar, Bikhtiar, Bekhtyar)) | Роден: 20 јули 1941 година; Место на раѓање: Дамаск | Началник на сириското Биро за национална безбедност; вмешан во репресијата против цивилното население. Има информации дека загинал во бомбашкиот напад од 18 јули 2012 година. | 23.5.2011 |
| 16. | Фарук (познат како Фарук, Фарук) ал Шар (познат како Ал Чар, Ал Шара, Ал Шара) (Faruq (فاروق) (a.k.a. Farouq, Farouk) Al Shar' (الشرع) (a.k.a. Al Char', Al Shara', Al Shara)) | Датум на раѓање: 10 декември 1938 година | Заменик-претседател на Сирија; вмешан во репресиите против цивилното население. | 23.5.2011 |
| 17. | Мухамад Насиф (познат како Насеф, Насиф, Насеф) Кајрбик (Muhammad (محمد) Nasif(ناصيف) (a.k.a. Naseef, Nassif, Nasseef) Khayrbik) (خيربيك, خيربك) | Датум на раѓање: 10 април 1937 година (или 20 мај1937 година); Место на раѓање: Хама; дипломатски пасош бр. 0002250 | Заменик-потпретседател на Сирија за национални безбедносни прашања; вмешан во репресиите против цивилното население. | 23.5.2011 |
| 18. | Мохамед Хамчо (Mohamed (محمد) Hamcho (حمشو) ) | Датум на раѓање: 20 мај 1966 година; број на пасош 002954347 | Сириски бизнисмен и локален претставник на многу странски компании; партнер на Маер ал Асад, управува со дел од неговите финансиски и економски интереси и како таков обезбедува финансиски средства за режимот. | 23.5.2011 |
| 19. | Ијад (познат како Ејад) Маклуф (Iyad (إياد) (a.k.a. Eyad) Makhlouf(مخلوف) ) | Датум на раѓање: 21 јануари 1973 година; Место на раѓање: Дамаск; број на пасош N001820 740 | Брат на Рами Маклуф и офицер од дирекцијата за надворешно разузнавање, вмешан во репресијата против цивилното население. | 23.5.2011 |
| 20. | Басам ал Хасан (познат како Ал Хасан) (Bassam (بسام)Al Hassan(الحسن) (a.k.a. Al Hasan)) | | Претседателски советник за стратешки прашања; вмешан во репресијата против цивилното население. | 23.5.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Давуд Рациа (Dawud Rajiha) | | Началник на Одборот на вооружени сили, одговорен за учеството на Армијата во репресиите против мирни демонстранти. Загинал во бомбашкиот напад од 18 јули 2012 година. | 23.5.2011 |
| 22. | Ихаб (познат како Ехаб, Јехаб) Маклуф (Ihab (إيهاب) (a.k.a. Ehab, Iehab) Makhlouf) (مخلوف) | Датум на раѓање: 21 јануари 1973 година; Место на раѓање: Дамаск; број на пасош N002848852 | Заменик-претседател на Сиријател кој пренесува 50% од профитот на сириската влада според договор за лиценцирање. | 23.5.2011 |
| 23. | Зулима (познат како Зу ал Хима) Чаличе (познат како Шалиш, Шалеш) (познат како Ду ал Хима Шалиш) (Zoulhima (ذوالهمة) (a.k.a. Zu al-Himma) Chaliche(شـــاليش) (a.k.a., Shalish, Shaleesh) (a.k.a. Dhu al-Himma Shalish)) | Роден: 1951 или 1946 или 1956 година; Место на раѓање: Кердаха | Шеф на безбедноста на претседателот; вмешан во репресијата против демонстрантите; прв братучед на претседателот Башар ал Асад. | 23.6.2011 |
| 24. | Ријад Чаличе (познат како Шалиш, Шалеш) (познат како Ријад Шалиш) (Riyad (ريـاض) Chaliche (شـــاليش) (a.k.a. Shalish, Shaleesh) (a.k.a. Riyad Shalish)) | | Директор на Воената служба за домување; обезбедува финансиски средства за режимот; прв братучед на претседателот Башар ал Асад. | 23.6.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Бригаден командир Мохамад (познат како Мохамед, Мухамад, Мохамед) Али Џафари (познат како Џафари, Џафари, Азиз; познат како Џафари, Али; попознат како Џафари, Мохамад Али; попознат како Џафари, Мохамад Али; попознат како Џафари-Наџафабади Мохамад Али) (Mohammad (محمد) (a.k.a. Mohamed, Muhammad, Mohammed) Ali(علي) Jafari (جعفري) (a.k.a. Jaafari, Ja'fari, Aziz; a.k.a. Jafari, Ali; a.k.a. Jafari, Mohammad Ali; a.k.a. Ja'fari, Mohammad Ali; a.k.a. Jafari-Naja-fabadi, Mohammad Ali)) | Датум на раѓање: 1 септември 1957 година; Место на раѓање: Јазд, Иран | Командант-генерал на Иранската револуционерна гарда (Iranian Revolutionary Guard Corps), учествува во набавка на опрема и обезбедување на помош на сирискиот режим за задушување на протестите во Сирија. | 23.6.2011 |
| 26. | Генерал-мајор Касем Солејмани (познат како Major General Qasem (قاسم) Soleimani (سليماني) (a.k.a. Касим Солејмани) Qasim Soleimany) | | Командант на Иранската револуционерна гарда Корпс, ИРГК - Кодс (Corps, IRGC –Qods), учествува во набавка на опрема и обезбедување на помош на сирискиот режим за задушување на протестите во Сирија. | 23.6.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
